# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 3/2024 | 15.03.2024 година | Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 365 редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 14.03.2024 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Решение за формирање на верификациона комисија бр.26-291/3,
2. Решение за верификација на мандат на член на совет на Општина Пробиштип бр.26-291/4,
3. Заклучок за усвојување на информација за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Пробиштип за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година бр.26-291/5,
4. Одлука за усвојување на извештај за реализација на програмата за локални патишта и улици на Општина Пробиштип за 2023 година бр.26-291/6,
5. Одлука за усвојување на извештај за работа на ЈКП Никола Карев за 2023 година бр.26-291/7,
6. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2023 година бр.26-291/8,
7. Одлука за усвојување на извештај за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2023 година бр.26-291/9,
8. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2023 година бр.26-291/10,
9. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2023 година бр.26-291/11,
10. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2023 година бр.26-291/12,

11. Одлука за усвојување на финансиски извештај на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2023 година бр.26-291/13,
12. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип за 2023 година бр.26-291/14,
13. Одлука за усвојување на годишна сметка на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година со финансиски извештаи бр.26-291/15,
14. Одлука за изменување на одлуката за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за 2024 година бр.26-291/16,
15. Одлука за воспоставување на Меѓуопштинска соработка со Општина Кочани бр.26-291/17,
16. Решение за именување членови во заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на МОС помеѓу општина Кочани и Општина Пробиштип бр.26-291/18,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-291/20<br>
15.03.2024 година<br>
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>
ГРАДОНАЧАЛНИК,<br>
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 9 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на Верификациона Комисија**

1. Се формира Верификациона Комисија која има за задача да изврши увид во Известувањата од Општинската Изборна Комисија, доставеното уверение од страна на членот кој доаѓа како нареден од листата, на местото на членот на кој мандатот му престанал, утврдување на неговиот идентитет и поднесува Извештај со предлог за верификација.

2. За претседател и членови на Верификационата Комисија се избираат:
   - Оливер Андовски-претседател,
   - Драгана Рајиќ -член и
   - Давор Стојчевски-член

3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/3
14.03.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на членовите 10, 11, 12, 13 и 14 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020), Советот на општина Пробиштип на седница на Советот одржана на ден 14.03.2024 година, а по предлог на Верификационата Комисија го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За верификација на мандат на член на Советот**
**на општина Пробиштип**

1. Се верификуваат мандатот на Дарко Анастасовски како член на Советот на Општина Пробиштип.

2. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/4
14.03.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 а во врска со член 21 став 1 точка 35 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 25 став 1 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, расправајќи по Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Пробиштип Ев.бр.23.28.7.1-286/1 од 01.03.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Пробиштип за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година**

1. Се усвојува Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Пробиштип за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, Ев.бр.23.28.7.1-286/1 од 01.03.2024 година поднесена од ОВР Пробиштип.

2. Составен дел на овој Заклучок е Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Пробиштип за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, Ев.бр.23.28.7.1-286/1 од 01.03.2024 година поднесена од ОВР Пробиштип.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/5
14.03.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2023 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2023 година бр.16-282/1 од 07.03.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2023 година бр.16-282/1 од 07.03.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
14.03.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/201935/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, расправајќи по Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година бр.01-111/1 од 19.02.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Извештајот за работа на**
**ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип**
**за 2023 година**

Член 1

Се дава согласност на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година бр.01-111/1 од 19.02.2024 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година бр.01-111/1 од 19.02.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
14.03.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/201935/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година бр.05-110/1 од 19.02.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈКП „ Никола Карев “ Пробиштип за 2023 година бр.05-110/1 од 19.02.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2023 година бр.05-110/1 од 19.02.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
14.03.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, разгледувајќи го Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2023 година, бр.01-38/1 од 21.02.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2023 година бр.01-38/1 од 21.02.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2023 година бр.01-38/1 од 21.02.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
14.03.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ Пробиштип за 2023 година бр.01-37/1 од 21.02.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Финансиски извештај Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787, 603 и 603-општинска, на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2023 година бр.01-37/1 од 21.02.2024 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар од Пробиштип за 2023 година бр.01-37/1 од 21.02.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

14.03.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски извештај ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903 и 787 на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2023 година на сметката 903 бр.05-84/1 од 20.02.2024 година и на сметката 787 бр. 05-85/1 од 20.02.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
14.03.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Финансиски извештај ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787 и 785 на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за 2023 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за 2023 година на сметката 903 бр. 05-109/1 од 26.02.2024 година, на сметката 787 бр. 05-110/1 од 26.02.2024 година и сметката 785 бр. 05-111/1 од 26.02.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
14.03.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на СОУ „Наум Наумовски Борче“ Пробиштип за 2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски извештај СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903 и 787 на СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за 2023 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за 2023 година на сметката 903 бр.05101/1 од 21.02.2024 година и на сметката 787 бр.05-102/1 од 21.03.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
14.03.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип за 2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Финансиски извештај ЈОУ Детска Градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 787 и 903 на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2023 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2023 година на сметката 787 бр.01-39/1 од 06.02.2024 година и на сметката 903 бр. 01-40/1 од 06.02.2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-291/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
14.03.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”број 5/2002) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Пробиштип на седница одржана на 14.03.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Годишната сметка на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година и финансиски извештаи**

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2023 година изнесуваат:

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **I Вкупни приходи** | 383.722.678 | 362.040.762 |
| **- Даночни приходи** | 64.958.000 | 56.929.249 |
| **- Неданочни приходи** | 18.250.000 | 10.835.437 |
| **- Капитални приходи** | 43.277.555 | 19.416.022 |
| **- Дотации** | 199.158.367 | 194.762.632 |
| **- Трансфери** | 43.375.719 | 72.405.978 |
| **- Донации** | 14.703.037 | 7.691.444 |
| **II Вкупни расходи** | 438.161.817 | 350.694.977 |
| **- утврдени намени** | 438.061.817 | 350.664.977 |
| **- резерви** | 100.000 | 30.000 |
| **III (Дефицит) - Суфицит** | -54.439.139 | 11.345.785 |
| **Финансирање** | 54.439.139 | -11.345.785 |
| | | |
| **Прилив** | 57.262.539 | -8.522.411 |
| **- Приливи од домашни заеми** | 20.883.466 | 18.425.997 |
| **- Депозити** | 36.379.073 | -26.948.408 |
| | | |
| **Одлив** | 2.823.400 | 2.823.374 |
| **- Отплата на главнина** | 2.823.400 | 2.823.374 |

Член 2

Разликата меѓу приходите и расходите е на износ од 11.345.785, додека отплатата на заемот претставува одливот на средства на износ од 2.823.374 денари.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

Член 4

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2023 година се искажани планираните и извршените расходи по сметки и по ставки .

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Пробиштип".

Број 26-291/15<br>14.03.2024 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАВАЧ<br>Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), и член 94 од Статутот на општина Пробиштип ("Службен гласник на општина Пробиштип" бр. 4/05, 25/14, 29/15 и 23/19), а во врска со член 7 став 2 точка 2 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избраните и именуваните лица во Република Македонија (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.51/2024) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

### Изменување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2024 година

Член 1

Со оваа одлука се врши Изменување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2024 година бр. 26-1212/12 од 22.12.2023 година и тоа:

Во членот 9 став 1 алинеа 1 коефициентот „2,9" се заменува со коефициент „2,52".

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањет во Службен гласник на Општина Пробиштип, а ќе се применува со исплата на платата за месец февруари 2024 година.

Број 26-291/16
14.03.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр. 79/09), член 14 и член 36 став (1) точка 15 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен Гласник на Општина Пробиштип" бр. 4/05, 25/14 и 29/15), Советот на Општина Пробиштип, на седницата одржана на 14.03.2024 година, ја донесе:

**ОДЛУКА**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани за давање на комунална услуга за собирање, транспортирање и сдепонирање на комунален цврст отпад на територијата на Општина Пробиштип, СРТЦ Поникава од страна на Општина Кочани преку Комунално јавно претпријатие ,,Водовод" – Кочани.

Член 2

Меѓуопштинската соработка од член 1 од оваа одлука ќе се остварува преку склучување на договори за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини, согласно член 9 став (2) алинеја 2 од Законот за Меѓуопштинска соработка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип".

Број 26-291/17
14.03.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09), Советот на Општина Пробиштип на седницата бр. 36 одржана на ден 14.03.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани**

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани за давање на комунална услуга за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад на територијата на Општина Пробиштип, СРТЦ Пониква од страна на Општина Кочани преку Комунално јавно претпријатие „Водовод” - Кочани, се именуваат:

   - Јованка Данева - раководител на одделението за правни и општи работи
   - Рената Саздова - помлад соработник за подготовка на материјали за Градоначалникот

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип

Број 26-291/18
14.03.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р